Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 581/0306
25.12. 2019 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 18 декември 2019 година, врз основа на примена жалба од Колиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Freeglobe.mk“, со текстот насловен „Скандал ја тресе Македонија: Полицаец од 6-та управа силувал момче држејќи го на нишан!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 ноември 2019 година, граѓанското здружение Колиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ“ поднесе жалба за текстот со наслов „Скандал ја тресе Македонија: Полицаец од 6-та управа силувал момче држејќи го на нишан!“, објавен на 5 ноември 2019 година, на интернет порталот „Freeglobe.mk“ (www.freeglobe.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување и незастапена втора страна.

Подносителот на жалбата посочува дека веста најверојатно е преземена од статус на „Facebook“ и во прилог на претставката приложи и принтскринови од објавата на социјалните мрежи.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Freeglobe.mk“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Од „Freeglobe.mk“ велат дека во објавата на оспорениот текст било јасно назначено дека содржината е преземена од социјалните мрежи и дека истата била само интегрално пренесена.

*„Дека не сме ја нарушиле приватноста на ниту едно лице говори сликата која е затемнета во делот каде сто стои името на наводниот извршител“*, посочуваат од интернет-порталот, а во прилог на одговорот наведоа и линкови од изворната информација на социјалните мрежи.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 10.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10:** „Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 18 декември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за текст без автор, чија содржина се сведува единствено на статус од корисник на социјалната мрежа „Фејсбук“ за наводно сексуално злоставување на момче од страна на полициски службеник.

Содржината, несомнено, произлегува од јавниот интерес, но не на начин на кој е пренесена информацијата. Новинарот воопшто не се потрудил да обезбеди минимум објективна и проверена информација и да ги согледа сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Новинарскиот производ е еднострaн и сензационалистички, а начинот на кој е обработен нуди готови заклучоци и судови. Ова од причина, што новинарот не го испочитувал основното новинарско правило да обезбеди став од релевантна институција, во случајов, од Министерството за внатрешни работи, чиј вработен, наводно, предизвикал „скандал кој ја тресе Македонија“. Затоа, во отсуство на официјална потврда на случајот, авторот морал да изрази резерва, воздржаност и сомнеж кон статусот на “Фејсбук’, наместо да го наметнува како извесен епилог.

Во овој контекст, Комисијата се согласи и дека медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат медиумска јавност и затоа не се ослободени од одговорност. Во такви случаи, новинарите се обврзани да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање на јавноста.

Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека интернет - порталот „Freeglobe.mk“ го прекршил **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во насловот и следната реченица од текстот:

***„Скандал ја тресе Македонија: Полицаец од 6-та управа силувал момче, држејќи го на нишан“.***

***„Момчето е видно растревожено и исплашено, му било страв да пријави во полиција, бидејќи силувателот му се заканувал дека ќе го убие ако зуцне.“***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата утврди дека текстот на „Freeglobe.mk“ содржи и навреди врз основа на сексуална ориентацијата и заклучи дека во него е прекршен и **членот 10** од Кодексот на новинарите, чија остапка е изразена во следната реченица од текстот:

***„Страшно, но многу важно, споделувајте. Полицаец п..ер од МВР, врзал 24 годишно момче со лисици, го тепал, му вперил пиштол во глава и го силувал“.***

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, **сексуална ориентација,** физички недостаток итн. Во оваа насока, Комисијата констатираше дека оспорената содржина на „Freeglobe.mk“ предизвикала различни реакции кај читателите во делот за коментари под текстот, кои повикуваат на насилство, како на пример:

***„Кога монструми битисуваат во редовите на оние кои треба да го заштитат народот, што остана за други. Овој под итно да се реши.“***

***„Како до сега никој не го насетил дека е монструм. Под итно кастрација за тој монструм...!!!“***

Комисијата утврди дека, во меѓувреме, интернет - порталот целосно ги избришал коментарите под текстот. Во оваа прилика, Комисијата апелира до медиумите да внимаваат и навремено да ги отстрануваат коментарите кои повикуваат на насилство или говор на омраза.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ја зеде предвид и:**

* Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица“. Таквиот

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

„говор на омраза“ треба да биде забранет и јавно отфрлен секогаш кога ќе се случи. Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со членот 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот“.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Freeglobe“ (www.freeglobe.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595